ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 2024 – 2027

**Април 2024**

**Проект**: „Со активни млади до одржлив развој на Општина Делчево".

**Носител на проектот**: Организација Жена Делчево

**Проект е поддржан** од Националниот младински совет на Македонија, во партнерство со Фондација за развој на локалната заедница-Штип, СФЕРА Интернешнал-Битола, Платформа за младински јакнење ЈЕП-Гостивар, а финансиран од Делегација на ЕУ во Скопје.

**Изработил**: Организација Жена Делчево

# **СОДРЖИНА**


1. ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО И СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ....... 2
2. СПИСОК НА КРАТЕНКИ ....... 5
3. ПОТРЕБА ОД ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ ....... 6
4. МЕТОДОЛОГИЈА ....... 7

4.1 ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСИТЕ ....... 8

4.2 ЛИСТА НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ, КРЕАТОРИ НА ДОКУМЕНТОТ ....... 8

4.3 ЧЕКОРИ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА ....... 9

I. Изработка и спроведување онлајн анкетни прашалници со структуираниипрашања врз основа на репрезентативен примерок за Општина Делчево ....... 10

II. Анкетни прашалници преку теренско анкетирање ....... 10

III. Организирање две работилници ....... 10

IV. Фокус Група ....... 12

V. Дводневна работилница за градење на предлог стратегија ....... 13

5. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ЗА КОИ СЕ ЗАЛАГАМЕ ....... 13

5.1 Еднакви можности и недискриминација ....... 13

5.2 Мултикултурализам ....... 13

5.3 Активно учество ....... 13

5.4 Инклузивност ....... 14

5.5 Соработка и градење партнерство ....... 14

5.6 Иновација ....... 14

5.7 Одговорност, транспарентност и отчетност ....... 14

5.8 Транспарентност и јавност ....... 14

6. ВИЗИЈА И МИСИЈА ....... 15
7. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ....... 15

7.1 Младинско учество, информирање и младинска работа ....... 15

7.2 Квалитетно Образование ....... 16

7.3 Младите на пазарот на трудот ....... 16

7.4 Култура и квалитет на живеење ....... 17

7.5 Спорт и рекреација ....... 18

7.6 Здравје, спорт и благосостојба ....... 19

7.7 Чиста и здрава животна средина ....... 22

8. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ....... 23
9. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....... 22

## 1. ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Делчево е место каде младите можат слободно и со искрена подршка да се реализираат**



Младинскиот совет на Општина Делчево го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Истото е отворено за членство и иницијативи на младите од Делчево од 15-29 години.

Младите од општината Делчево во процесот на креирање и одлучување се вклучени преку граѓанските организации, односно иницијативи на младите кои се поддржани од страна на општина Делчево, преку младинскиот совет кој е формиран и за кој општината има обезбеден буџет за 2024 година, покана до младите и нивно партиципативно учество во форумите во заедницата, како и преку иницијативите кои доаѓаат од страна на Месните и Урбаните зедници каде дел од советите се исто така млади лица.
Општина Делчево има план за социо економска интеграција со цел да придонесе кон подобрување на бизнис климата во општината, преку унапредување на јавните услуги на локалната заедница, зајакнување на претприемачките вештини на младите жени и креирање на нови бизниси, унапредување на безбедноста и здравјето при работа и унапредување на спортот.
Општината дополнително ќе ги разгледа и можните проблеми и ограничувања со кои се соочуваат младите и жените во руралните средини за да се вклучат на пазарот на труд и да остварат поголемо учество во креирање на локалните политики. Во овој контекст ќе се направи анализа и препораки со соодветни предлог мерки. Целта е преку поголемо учество на младите жени во формулирање на политиките да се придонесе кон креирање на поволна бизнис клима во руралните региони, која ќе го стимулира развојот на женското социјално претприменииштвото. Ова интеграција ќе биде имплементирана преку јакнење на капацитетите на младите преку најмалку 5 обуки и вклучени најмалку 100 млади од општина Делчево, а во соработка со граѓанските организации од општината и со поддршка на донаторски средства.
Општина Делчево дава можност за партиципативно учество на младите при донесување на одлуки (барања преку граѓански организации, барања до градоначалник, учество во форуми и учество во работа на младинскиот совет), и

мотивирачки алатки, како што се награди за млади за постигнат успех, стипендираање на млади и др.

Стратегијата за млади на општина Делчево претставува можност за младите да станат активни учесници во сите сфери на локалниот живот.

За Локалната самоуправа, оваа стратегија е шанса да изгради партнерства со младите за одржлив и долгорочен развој на општината.

**Општина Делчево**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

_________________________

**Воведно обраќање на службеникот за млади на општина Делчево**



Почитувани млади делчевчани

Добив одговорна работна позиција и знам дека треба посветено да работам за да ги постигнам очекувањата од мене. Но од друга страна среќна сум дека токму јас ја имам можноста да бидам линкот помеѓу младите и локалната самоуправа. Поканата да учествувам во креирањето на оваа стратегија, стратегија која треба да понуди можни решенија за потребите на младите, беше повеќе од добредојдена. Уште еднаш ќе истакнам, општина Делчево е меѓу првите општини која назначи Службеник за Млади и меѓу првите формираше Совет за млади.

На пат сме да се најде решение и за Младински Центар, со што ќе се создадат и услови да младите уште поактивно творат и Делчевоа го дизајнираат согласно своите потреби. За мене младите се неисцрпен базент на ресурси, идеи и креативност, и нашата улога е да создадеме услови да можат да го реализираат сопствениот потенцијал.

Знам дека многу од младите размислуваат и за заминување, па затоа и сметам дека треба да им дсе даде што поголема шанса да младите ги вклучиме во развојот на сопствената општина.

Од оваа стратегија очекувам:
1.Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот;
2.Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи и систематска интеграција и интеракција на различни категории на млади;
3.Креирање можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат.

Јас,Делчево го гледам за десет години како место каде што младите луѓе во континуитет носат одлуки и одговорност, место каде младите со гордост велат-Јас сум од Делчево.

## 2. СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ЕЛС** | Единица на локална самоуправа |
| **СО** | Совет на Општина |
| **МО** | Младинска организација |
| **ОМ** | Организација за млади |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **СЕ** | Совет на Европа |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СВОТ** | Анализа на јаки и слаби страни, можности и закани |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **ВРСМ** | Влада на Република Северна Македонија |
| **АП** | Акциски план 23/24 |
| **ЗМУМП** | Закон за младинско учество и младински политики |
| **ЗЕЛС** | Здружение на единици на локална самоуправа на Република Северна Македонија |
| **НСМ** | Национална стратегија за млади |
| **ЛСМ** | Локална стратегија за млади |
| **ДЗС** | Државен Завод за Статистика |

**МЛАДИ** - Социо-економска категорија на населението во Република Северна Македонија на возраст од 15 до 29 години.

**МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** - Процес што им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми што директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

**МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ** - Збир на мерки и активности што се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал.

**МЛАДИНСКА РАБОТА** : Организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата.

**ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ:** Стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА** е секоја организација којашто е регистрирана во согласност со Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

**ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЛАДИ** е секоја регистрирана организација во согласност со Законот за здруженија и фондации, којашто не е водена од млади или е подмладок на политичка партија, младинска секција во синдикат организирана како дел од друг правен субјект, чијшто дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

**МЛАДИНСКИ ЧАДОР ОРГАНИЗАЦИ** се организации во кои членуваат формите на младинско организирање што се обединуваат заради остварување заеднички цели во специфични области од интерес на младите.

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА** е заедница на жители на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон.

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА** е орган на државата одговорен за собирање на податоци за населението.

# 3. ПОТРЕБА ОД ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Општина Делчево се наоѓа на само неколку километри од границата со Бугарија, општина која располага со одлични услови за развој на земјоделието, трговијата, текстилството, богати шуми и огромен потенцијал за развој на туризмот. Но и како и во поголем дел од општините и Делчево е под силен замав на „белата чума“, па иселувањето на младите е во силен подем. Како една од причините за ваквите состојби и неискористеноста на младинскиот потенцијал е недоволното учество на младите во процесот на носење на одлуки. Потврда дека младите засилено заминуваат од своите родни огништа се и податоците од Државниот Завод за Статистика. Согласно ДЗС во 2002 година во Делчево се попишани 4.102 млади од 15-29 години, за да со последниот Попис од 2021 година се попишани 1.992 млади лица.

Од тука и потребата од Локална стратегија за млади која јасно и недвосмислено ќе биде патоказ, преку кој ќе се обезбеди поактивно учество на младите во креирање на Локалниот Економски Развој, ќе се зголеми учеството во процесот на носење на одлуки на локално ниво, со што и ќе се наметнат потребите на младите.

Општина Делчево уште еднаш се покажа како силен партнер на младите. Веќе е формиран Совет на Млади, формирано е и Младинско Собрание, а назначен е и Службеник за Млади. Сите овие одлуки се донесени на транспарентен начин и истите се потврдени на седница на Совет на Општина. Со ова општина Делчево се наметнува како силен партнер на младите кој нуди овозможувачка средина на младите да се самореализираат.

Оваа локална стратегија за млади ги опфаќа голем дел од релевантните проблеми за млади и е документ отворен за годишна ревизија. Преку партиципативна метода се дава можност на младите слободно да наметнуваат приоритети врз основа на аргументација, но и да нудат решенија. Вклученоста на различните категории на млади, учеството на млади од различни етнички заедници, млади кои се дел од младински организации, ученичка заедница, образовни инстититуции и политички подмладоци дава можност да различностите се прифатат како богатство на оваа стратегија.

Организатор на процесот на носењето на стратегијата е од страна на Организација ЖЕНА Делчево. Водилка во процесот претставува Националната Стратегија за Млади 2023-2027 година.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА

Локалната стратегија за млади 2024-2027 на Општина Делчево е подготвена на консултативен и партиципативен начин со значителна вклученост на младите. Истите беа претставници преку граѓанските организации, младинските организации, претставници на ученичката заедница, политичките подмладоци и општинската администрација во периодот ноември- декември 2023 година до Април 2024 година.

Стратегијата е изработена врз база на:

1. Резултатите од реализираната фокус група со млади кои се претставници од различни целни групи на млади.
2. Онлаин анкета,,Состојба на младите во општина Делчево“
3. Теренска анкета со млади од 20 до 29 години
4. Креирање на анализа од истражувањето
5. Анализа на Националната Стратегија за Млади 2023-2027 година,
6. Анализа на ,,Стратегија за соработка на Општина Делчево со граѓанскиот сектор 2024-2028 год“- Подобрување на квалитет на живот на млади во Општина Делчево
7. Практични работилници кои треба им помогнат на младите: ,,Млади и демократија“ и ,, Младинско учество и организирање и адресирање на социјални предизвици и проблеми“ а беше опфеатен и Законот за Младинско Учество
8. Дводневна работилница за креирање на Локална Стратегија за Млади 2024-2027 на Општина Делчево

Оваа Методологија обезбеди креирање на стратегијата преку последователни чекори: а) Осознавање и креирање на перзепција за состојбите со младите во Делчево; б) Соочување со ставовите на младите преку изработената анализа; в) Правно описменување за постоечката законска рамка насочена кон младите г) Стекнување на знаење за дебатирање, почитување на туѓо мислење и правење на компромис; д) Креирање стратешки цели за кои треба да се предвидат конкретни и мерливи активности.

Дополнително, при изготвувањето на Локалната стратегија за млади беа земени предвид и националните легислативи и стратешки документи, како што се:

- Закон за средно образование [1]
- Закон за високо образование [2]
- Закон за ученички стандард [3]
- Закон за студентски стандард [4]
- Закон за практикантство [5]
- Закон за волонтерство [6]
- Закон за младински додаток [7]
- Закон за субвенциониран студентски оброк [8]

---

[1] https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf
[2] https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf
[3] https://mon.gov.mk/download/?f=Zakon%20za%20ucenickiot%20standard_1.docx
[4] https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20studentskiot%20standard.pdf
[5] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/sluzben_vesnik_praktikanstvo_MKD.pdf
[6] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf
[7] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2020/Zakon%20mladinski%20dodadok%2018-2020%20(MKD).pdf
[8] https://www.mf.ukim.edu.mk/sites/default/files/Zakon%20za%20subvencioniran%20studentski%20obrok.pdf

- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност [9]
- Закон за здруженија на граѓани и фондации [10]
- Национална стратегија за вработување 2021 – 2027 [11]
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општествои интеркултурализмот [12]
- Програма за работа на Влада на Република Северна Македонија 2022 – 2024 [13]
- Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година [14]
- Национална стратегија за унапредување на менталното здравје на Република Северна Македонија [15]

---

[9] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,11-

[10] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf

[11] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf

[12] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf

[13] http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf

[14] https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf

[15] http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/strategija-za-MZ-2018-2025-170718-pf-1.pdf

## 4.1 ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСИТЕ

Локалната стратегија за млади на Општина Делчево 2024-2027 година претставува водилка за младите лица директно да влијаат на процесите и развојот на општината по мерка на младите. Вака дефинираниот план овозможува младите аргументирано да застапуваат за приоритети кои се важни за самите нив. Овој документ е донесен врз основа на директен ангажман на младите кои се претставени преку младинските организации, НВОи, локалниот младински совет, ученичка заедница, спортски и културни организации, различни етнички заедници, средните и вискоките образовни институции, политички помладоци и претставник од Совет на Општина Делчево.

## 4.2 ЛИСТА НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ, КРЕАТОРИ НА ДОКУМЕНТОТ

1. Милена Багевска-Општина Делчево
2. Вања Ѓеоргиевска -Локален младински совет
3. Ана Ивановска- Собрание на млади
4. Сара Ангелова- Собрание на млади
5. Анастасија Лазарова- УМС на ВМРО ДПМНЕ Делчево
6. Анастасиа Такева –член на Локален младински совет
7. Весна Димитровска- ученичка заедница
8. Вики Пановска- Собрание на млади
9. Николиа Толевска- Ученичка заедница при СОУ „М.М. Брицо“- Делчево
10. Ивана Витанова- Ученичка заедница при СОУ „М.М. Брицо“- Делчево
11. Матеј Цековски- Ученичка заедница при СОУ „М.М. Брицо“- Делчево
12. Александар Анастасов- Ученичка заедница при СОУ „М.М. Брицо“- Делчево
13. Теона Златковска- член на Локален младински совет
14. Ивана Ѓеоргиева-член на Собрание на млади
15. Мелани Трајковска- член на Собрание на млади
16. Мејрема Демирова- ЖЕНА Делчево
17. Ервин Мемедов- претставник на млади од ромската зедница
18. Димитар Андоновски- ученичка заедница
19 Родне Деолска-РЦЗ Делчево
20. Ивана Ѓеоргиева-КУД Гоце Делчев
21. Марија Златковска- Собрание на млади
22. Марија Салтировска- Собрание на млади
23. Сашко Тренчевски-ЛК СДММ Делчево
24. Марио Скакарски- ЛК СДММ Делчево
25. Искра Георгиевска- КУД Тернипе
26. Фросина Стојкова- Црвен Крст делчево

27. Даме Ивановски- Клуб на дебатери

28. Ива Цонева- Клуб на артивизам,
29. Софија Ангелова- Клуб на артивизам
30. Ивана Цветкова Сереброва - Клуб на артивизам,
31. Аида Демирова- претставник на млади од ромската зедница
32. Симона Николовска Димитровска- ЦОП Природна перспектива Делчево

## 4.3 ЧЕКОРИ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Најпрво е направена анализа на националните и локални документи со цел Локалната стратегија за млади да биде хармонизирана со националните и локални стратегии. Согласно официјалните документи извршено е адаптирање согласно контекстот во кој функционираат младите во Општина Делчево. Согласно потребите на стратегијата се направи план за сеопфатна анализа и креирање на стратегија која одговара на реалните потреби на младите.

### I. Изработка и спроведување онлајн анкетни прашалници со структуирани прашања врз основа на репрезентативен примерок за Општина Делчево

Подготвен е прашалник кој се води од приритетните области на Националната Стратегија за Млади 2023-2027 година, адаптирани на контекстот во Делчево. По онлаин анкетата се изјасниле 58 лица од младите. Како канал на дистрибуција се користеше феисбук страната на Организација ЖЕНА Делчево, социјалните профили на активистите на клубот на дебатери, претставници на ученичка заедница. Пристап до одговорите има Администраторот на Организација ЖЕНА Делчево. Прашалникот се спроведе на Македонски јазик, кој е и единствен службен на ниво на Општина Делчево.

### II. Анкетни прашалници преку теренско анкетирање

Теренското анкетирање имаше за цел да се добијат што порелевантни податоци, па истото се спроведе во сабота во пазарен ден, кога е најфренкветно, има млади од руралните средини, студентите се присутни и е и најпозитивна атмосферата во градот. Во консултација со организаторот, дефинирано е правило да биде анкетиран секој трети младинец над 20 години, да има и етничка и родова застапеност. Оваа одлука

произлезе од потребата што на онлаин анкетата во најголем дел од учесниците беа млади под 20 години. Анкетирани беа 40 младинци на возраст од 20 до 29 години.

## III. Организирање две работилници

Организирани беа две работилници со цел зајакнување на капацитетите на младите на локално ниво, кои се активни во своите средини. Преку првата работилница најпрво имаа можност да се запознаат со основните човекови права, начинот на учество во процесот на донесување на одлуки, улогите на локалните институции и можните техники младите да ги наметнат своите ставови. Исто така беше презентиран и Законот за младинско учество, улогата на Младинскиот Совет кој веќе е формиран, потребата од младински центар и зошто ни е потребна локална Стратегија за млади. Втората работилница беше во период на веќе добиена анализа од истражувањето и беше добра основа за да се изберат приоритети кои треба да придонесат за подобрувањена состојбата на најранливите групи и да ги посочи главните потреби на младите.

## IV. Фокус Група

Фокус групата беше одлична можност за младинските активисти да разговараат за предизвиците со кои се соочуваат младите и да соочат аргументи по разни прашања. Секако во преден план беа прашањата за достоинствени работни места за младите, квалитетот на живот и можностите на кариерен развој, но се зборуваше и за здравјето, спортот и културата и уметноста како значаен фактор за квалитетот на живот. Учесници беа младите од различните групи, младински организации, студенти, претставници на политичките подмладоци и пред се младинскиот совет. Сите поважни коментари и сугестии влегоа во анализата, која беше и основа за дводневната работилница од каде се дефинираа стратешките цели по области и се предлагаа активности.

## V. Дводневна работилница за градење на предлог стратегија

Во текот на месец Март беше спроведена дводневна работилница, на која младите имаа можност да ги наметнат своите потреби, своите ставови и своите визии за Делчево. Најпрво процесот започна со преглед на резултатите од истражувањето и предлагање на визија и мисија на самата стратегија. Втор чекор во процесот беше поделба по области, водени од Националната Стратегија за Млади 2023-2027 година, Ваквата поделба им даде можност на младите да го вложат својот потенцијал во областа која им е најблиска, но и даваат коментари и предлози за другите области. Токму преку SWOT анализата произлегоа и стратешките цели по секоја од областите. Стратешките цели се приоритети за кои треба да се осмислат конкретни активности кои треба да ја унапредат состојбата на младите на локално ниво.

Со тоа се обезбеди доволно материјал за изработка на документ кој треба да им биде водилка на младите и институциите за периодот 2023-2027 година.

## 5. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ЗА КОИ СЕ ЗАЛАГАМЕ

Локалната стратегија за млади на Општина Делчево се засновува и ги афирмира следните принципи и вредности:

### 5.1 Еднакви можности и недискриминација

Младите луѓе во Општина Делчево имаат еднакви права и можности во процесите на донесување одлуки и креирање политики, во законите и еднаков пристап до ресурси и услуги во рамките на заедниците и во општеството. Младите луѓе во Општина Делчево се еднакви креатори на можностите и преку овој документ и врз основа на националните и меѓународните документи, се забранува дискриминација по сите можни основи, како што се: полот, расата, бојата на кожата и друго.

### 5.2 Мултикултурализам

Младите луѓе во Општина Делчево и сите носители на одлуки ја препознаваат културната разновидност во сите области и го промовираат правото на оваа разновидност, толеранција, како и афирмација на уметничките и креативните пристапи насочени кон негување и развивање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите.

### 5.3 Активно учество

Младите во Општина Делчево ги уживаат сите права, можности, средства, безбедни простори и алатки за вклучување во процесите на донесување одлуки и во градење

општество по нивна мерка. Континуирано се вложува во капацитетот на младите за да можат уште поактивно да застапуваат за своите потреби.

## 5.4 Инклузивност

Општина Делчево овозможув инклузивно општество коешто се засновува на заедничко почитување и солидарност, со еднакви можности и квалитетни услови за живеење на младите луѓе. Младите создаваат чувство на припадност во заедницата, со заеднички идентитет и споделени вредности, што подразбира и вклучување на лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.

## 5.5 Соработка и градење партнерство

Општина Делчево е силен и докажан партнер на младите каде што се обезбедува слобода на здружување и соработка со врсниците и се поттикнува меѓугенерациската соработка на локално, национално и на меѓународно ниво.

## 5.6 Иновација

Општина Делчево ги поддржува младите да бидат иновативни, креативни и двигатели на нови позитивни трендови. Општина Делчево е место каде што трудот и квалитетот на младите се наградени и се насочени кон создавање модерна заедница.

## 5.7 Одговорност, транспарентност и отчетност

Општина Делчево гради систем на одговорност и ги поттикнува и останатите носители на одлуки и оние коишто работат со млади да користат таков систем. Општината има развиен систем на отчетност и во партнерство со младите, го надоградува и обезбедува уште поголема видливост за младите.

## 5.8 Транспарентност и јавност

Општина Делчево промовира високо ниво на транспарентност, јасност и јавност на информациите со кои располага и со услугите што ги нуди. Општината обезбедува јавност во насока на препознавање на проблемите и потребите на младите од страна на целокупната локална заедница.

## 6. ВИЗИЈА И МИСИЈА

**ВИЗИЈА:** Општина Делчево, посакувано место за живеење на младите кои активно учествуваат во процесот на носење одлуки и место каде младите го реализираат својот потенцијал и својата креативност.

**МИСИЈА:** Младите се активен и важен чинител во градењето на социо-економскиот и културниот развој на општината по пат на едукација, соработка и натпревар на идеи каде се поттикнува. квалитетот и креативноста.

## 7. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

### 7.1 Младинско учество, информирање и младинска работа

Во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, младинското учество се дефинира како процес којшто им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми коишто директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Но, за да се случи тоа, општината мора да демонстрира дека има демократски капацитет, остава и креира простор младинскиот глас да допре до нив и да ги земе предвид мислењата и идеите на младите и да ги имплементира. Согласно податоците од истражуцањето, младите на само што во најголем дел не се вклучени во процесите на носење на одлуки, туку воопшто не се информирани за тоа што се случува.
Правото на информирање е основно човеково право. Од голема важност е младите да добиваат квалитетни и навремени информации, со разбирлива и адаптирана содржина на јазик разбирлив за нив, преку еден систем и без дополнителни компликации со цел тие информации да им помогнат да го реализираат својот потенцијал и да бидат активни граѓани во општеството.
Младинската работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата. Главен предизвик за исполнување на мисијата и афирмација на младинската работа е градење младинска инфраструктура што ќе им овозможи на младите луѓе да ги реализираат своите цели, проекти и идеи и да имаат сопствен простор каде што ќе може квалитетно да го поминуваат своето слободно време.

**Стратешка цел 1 -Зголемено младинско учество во процесите на донесување одлуки на локално ниво во урбани и рурални средини**

*Мерка1*. Отварање на Младински центар

*Мерка 2.* Обезбедување на институционална подршка за континуирано функционирање на Младинскиот центар како ресурсен центар за потребите на младите

*Мерка 3.* Зголемено младинско учество и промоција на младинското работење, практиканство и волонтерство

**Стратешка цел 2 – Континуиран оградење на капацитетот на Младинскиот Совет и Младинските организации**

*Мерка 1.* Обезбедување на обуки на Младинскиот совет и младинските организации за Проектен Циклус, обуки за Застапување и лобирање, пристап до донатори и финансиски средства

*Мерка 2.* Зајакнување на младите за користење на дигиталните алатки, можностите за застапување и адресирање на политики во руралните средини.

**Стратешка цел 3 – Овозможувачка средина за департизирана и ефикасна администрацвија која ќе го потикнува младинското работење**

*Мерка 1.* Унапредување и заштита на младинскиот труд и економските права на младите во соработка со АВРМ, Трудов Инспекторат, Економско-Социјален совет и Синдикат

*Мерка 2.* Обезбедување средства за поддршка на програми за младинска работа и неформална едукација за поддршка на автентичен развој на младите со цел, остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал

*Мерка 3.*Интензивирање на соработката на локално ниво помеѓу релевантните чинители коишто работат со млади (младинските центри, граѓанските организации, образовните установи, спортските клубови, единиците на локална самоуправа и др.

## 7.2 Квалитетно образование

Образованието има клучна улога во овозможување на транзиција кон посивоко образование или пак до директно вработување кое обезбедува достоинствена плата. Со квалитетно образование се добива и младина која е активна и бара подобри услови за живот, младина која не е пасивна, тука младина која е активен чинител кој учествува во процесите на носење на одлуки. Неопходно е на младите да им се обезбеди образование согласно највисоките стандарди, се со цел истите да го реализираат сопствениот потенцијал.

Во рамките на општина Делчево функционира две основни и едно средно училиште. Сепак, поради иселувањето, бројката на млади континуирано се намалува, што е предизвик и за наставниот кадар, посебно во средното училиште. Образовните смерови се недоволно атрактивни за младите, а недоволно функционално е и дуалното образование. Тоа значи дека е неопходно да се следат трендовите и на младите да им се овозможи да бидат во тек со се што се нуди и во останатите општини или што се бара на пазарот на трудот.

**Стратешка цел 1 – Зголемено учество на учениците и родителите во креирање на училишната политика и носење на одлуки**

Мерка 1. Функционирање на училишниот триаголник ( ученик, наставник,родител)и зголемување на партиципативноста на советите на родителите и младинските организации.

Мерка 2. Контиуиранио градење на капацитетите на воспитно образовнииот кадар за унапредување на наставата.

Мерка 3 . Заживување и подршка на програмите за кариерно советување на младите цо средното училиште

Мерка 4. Зајакнување на улогата ученичката заедница и поттикнување на креатѕивни активности: создавање училишен весник; учество во проекти, организирање на манифестации

**Стратешка цел 2 – Прилагодување на образовниот процес според потребите на пазарот на трудот и потребите на различните целни групи на млади**

*Мерка 1.* Осовременување на училишните лабаратории и стекнување на практични искуства од наставните содржини

*Мерка 2.* Воведување на наставни смерови согласно потребите на пазарот на трудот и атрактивноста на одредени професии

*Мерка 3.* Обезбедување на услови за различните групи на ученици по принципите на инклузивно образование,превенција од булинг,пракса за сите.

## 7.3 Младите на пазарот на трудот

Младите во општина Делчево се соочуваат со недоволен број на квалитетни и добро платени работни места. Во Делчево доминира текстилната индустрија, постојат и помали градежни фирми, мали бизниси кои сепак се недоволно атрактивни за да ги задржат младите да останат во Делчево. Согласно истражувањето токму недоволната понуда на квалитетни и добро платени работни места се најголем предизвик за младите. Ова беше потврдено и во работната група која посочи дека немањето на странски инвеститори, лошата инфраструктурна поврзаност со останатите делови од Македонија силно влијаат за заминувањето од родните краишта. Предизвик претставува и незаинтересираноста на младите за земјоделието, па може да се каже дека имаме уште позасилена миграција од село кон град, или пак од село кон странство. Во такви услови најпосакувани работни места за младите е вработувањето во администрација, што пак остава простор за јакнење на партизацијата, што пак не остава простор да за ностели на раководни функции  бидат најквалитетните кадри. Постои и недоволна информираност за можностите кои се нудат и преку мерките на АВРМ, ИПАРД програмата, Фонд за Иновации и други можноисти кои им стојат на располагање на младите луѓе а сепак остануваат неискористени.Токму заради тоа потребно е активно да се работи на поттикнување на поволна бизнис климса која ќе ги мотивира младите да останат да живеат и творат во Делчево.

Дека постои отсуство на комуникација помеѓу младите луѓе, образованието и бизнис секторот сведочи што бизнисот континуирано објвува повици за вработување за кои многу малку има интерес кај младите. Бизнис секторот се жали и дека и за постоичките конкурси не се појавува квалификувана работна сила, така да се поставува прашањето што доколоку и се појави странски инцвеститоре дали образованието може да понуди кадар кој ќе одговори на потребите на инвеститорите. Младите во работната група вработување ги предложи следниве стратешки цели за следните три години:

**Стратешка цел 1 – Вработување по мерка на младите**

*Мерка 1.* Анализирање на пазарот на трудот, запознавање на младите со дефицитарните професии и поттикнување поголем интерес за нив

*Мерка 2.* Овозможување вмрежување помеѓу младите и бизнис заедницата

*Мерка 3.* Поттикнување инклузија на маргинализираните категории млади на пазарот на трудот и намалување на јазот помеѓу мажи и жени

*Мерка 4.* Поттикнување на социјално претприемништво за младинско вработување

**Стратешка цел 2 - Младите имаат изградени вештини за поголема конкурентност на пазарот на труд**

*Мерка 1.* Афирмација на придобивките од претприемништво и ставање во функција на Бизнис Центарот

*Мерка 2.* Поттикнување развој на дигитални и меки вештини кај младите, за да бидат поконкурентни на пазарот на трудот.

**Стратешка цел 3 – Обезбедување на достоинствени работни места и потикнување на социо-економскиот развој**

*Мерка 1*. Обезбедување на инфраструктурно поврзување, воспоставување на јавен локален и меѓуопштински превоз

*Мерка 2*. Приближување на можностите за вработување на млади преку АВРСМ, Фонд за Иновации, Министерство за Економија, како и повиците за млади преку програмите на УСАИД, НМСМ, Агенција за Млади и Спорт, ИПАРД и други.

*Мерка 3*: Промоција на ТИР Зоната во Делчево пред странски и домашни инвееститори и промоција на можните придобивки доколку отворат работни места.

## 7.4 Култура и квалитет на живеење

Темата култура е особено важна за младите во секоја локална заедница, имајќи предвид дека културниот живот на младите е дел од начинот на кој тие водат квалитетен живот и се развиваат во рамките на својата заедница.

Всушност културните доживувања се врвот на потребите во кои младите се реализираат, надминати се егзистенциуоналните потреби младите имаат потреба од возвишеност и чувство на исполнетост и среќа Во рамки на општина Делчево функционира Национална Установа ,,Никола Вапцаров". Во рамките на Установата се организираат бројни манифестации со што придонесуваат кон квалитетот на живот на самата општина.

Исто така функционираат и повеќе културно уметнички друштва како што е КУД,,Гоце Делчев", познатата ,,Копачка" и други помали здруженија на граѓани.

Постои и кино, кое не е во редовна употреба и само повремено се прожектираат филмови. Се одржуваат и бројни културни манифестации како,,Голачки средби", Пијанечко Малешевска свадба", ,,Сливијада" и други. Сите овие активности и манифестации се добра основа, но сепак преовладува чуството дека истите се недоволни.

Истражувањето кое го спроведе Организација ЖЕНА покажува дека културната понуда што се нуди во општина Делчево е сепак недоволно атрактивна за младите. Исто така, истражувањето укажува на потребата од поддршка на младите да можат да творат и културно да се воздигнат, соодветна промоција, поддршка на алтернативната сцена, развој на урбаната култура (графити, урбани танци и улични перформанси), поддршка на

авторски дела од младии фестивали што поддржуваат и промовираат млади уметници и изведувачи. Сето ова бара културни активносто кое се прилагодени на трендовите

**Стратешка цел 1 – Искористување на потенцијалот на Домот за културата соглсно потребите на младите**

*Мерка 1* -Отворање на драмска и музучка секција

*Мерка 2-* Редовно прикажување на филмови и искористеност на кино салата

*Мерка 3-* Опремување со инструменти, ликовни материјали и театарски реквизити

*Мерка 4.* Зголемување на информираноста и заинтересираноста на младите за културните случувања на локално ниво

Мерка 5. Поттикнување развој на програми и проекти во полето на културата и уметноста што ќе поттикнат интерес за култура од најрана возраст

Мерка 6. Градење култура на соживот и толеранција со цел, меѓусебно запознавање и надминување на разликите

**Страиешка цел 2- - Младите се вклучени во креирање културни политики и програми**

*Мерка 1.* Отворање на музеј и промоција на културно историското богатство на пијанецот

*Мерка 2.*Промовирање на сливијада и пијанечко малешевска свадба и поттикнување на младите да ја пренесуваат традицијата

*Мерка 3.* Поттикнување на младите за учество на културни настани на кои тие се креатори

*Мерка 4.* Вклучување на младите во  одлучувањето и изборот на концертни гости и уметници

*Мерка 5*. Градење култура на соживот и толеранција со цел, меѓусебно запознавање и надминување на разликите

## 7.5 Спорт и рекреација

Спортот има длабоки корени во општина Делчево. Заедничка обврска на сите е да ги продолжат традициите на постигнатите спортски успеси и да го отворат патот за нови таленти, кои ќе го претставуваат Делчево со гордост. Спортот допринесува за развој на прогресивно, инклузивно, отворено и толерантно општество, и обезбедува вистински развој на индивидуата и здрав начин на живот за што повеќе млади луѓе.

Преку спортски активности и игри, младите најлесно и најбрзо се запознаваат и стекнуваат пријателства. Спортот ги учи младите на вредности како фер игра, меѓусебно почитување, отворена комуникација и тимска работа, кои се важни не само во спортот,

туку и во секојдневниот живот. Овие позитивни вредности придонесуваат за зајакнување на интеграцијата меѓу младите.

Нашата цел е, преку спроведување на приоритетните мерки, да создадеме систем во кој спортот и спортските резултати во општина Делчево ќе напредуваат, што истовремено ќе го подобри квалитетот на животот на младите, ќе овозможи социјална интеракција и вистински развој на млади личности со здрав начин на живот.

**Стратешка цел 1 - Подобрена постоечка и изградена нова инфраструктура за спорт ирекреација**

Мерка 1. Опремување јавни простори за бесплатна физичка активност и спортски активности кои се пристапни и за млади со попреченост

Мерка 2. Обезбедување безбедни, еколошки и економски ефикасни услови за спортување ирекреација во постоечките објекти

Мерка 3. Изградба на современи спортски објекти од отворен и затворен тип

**Стратешка цел 2 - Зголемен интерес за спорт кај млади и олеснет пристап до спортскорекреативни настани**

*Мерка 1*. Поттикнување на рекреативен спорт

*Мерка 2.* Развој и унапредување на еднаква застапеност намажи и жени во спортот

*Мерка 3.* Афирмација на истакнати млади спортисти

*Мерка 4.* Олеснување на пристапот за млади до спортско рекреативни настани

## 7.6 Здравје, спорт и благосостојба

Здравјето не е само отсуство на некоја болест, туку многу повеќе состојба на физичка, ментална и социјална благосостојба. За младите луѓе, здравјето е приоритетно, а менталното здравје е подеднакво важно, иако многу често тоа е ставенонастрана.

Во целата грижа за менталното здравје подеднаква улога имаат сите вклучени страни. Родителите коишто треба да поминат квалитетно време со своите деца, стручните служби во училиштата коишто соодветно треба да реагираат на сите промени во однесувањето на младите и со тоа да им помогнат.

Покрај тоа, многу е важна и политичката посветеност, што значи постојано подобрување на услугите коишто ги нуди државата, а кои се од областа на менталното здравје на младите.

Подобрувањето на условите во примарната здравствена заштита кај младите треба да доведе до здраво работоспособно население и создавање пристојни услови за младите и во урбани и во рурални средини.

Како посебна мерка се предвидени подобрени услови за физичко здравје и безбедност. Освен што преку овој приоритет ќе се придонесе кон формирањето здрава млада популација, ќе се овозможи елиминирање и превенција од болести на зависност, намалување на социопатолошките појави и превенција од современи болести. Тука мора да се спомене и потикнување на младите кон спортот, кој пак бара и финансиски средства за опрема, патување и учество на настани.

Спортот е одлична алатка за градење мостови помеѓу младите од различни етнички заедници. Преку спортски активности и забавни игри младите најлесно и најбрзо се запознаваат и се спријателуваат. Преку спортот младите учат и за вредностите како фер игра, меѓусебно почитување, отворена комуникација и тимска работа што се важни не само во спортот, туку и во секојдневниот живот.

Ваквите позитивни вредности придонесуваат за зајакнување на интеграцијата помеѓу младите. Целта ни е преку спроведување на приоритетните мерки да креираме систем во кој ќе напредува спортот и спортските резултати во Општина Делчево, кој воедно ќе го јакне квалитетот на живот кај младите, ќе овозможува социјална интеракција и вистински развој на млади личности со здрав начин на живот.

**Стратешка цел 1 – Подигање на свеста за грижа за соспственото здравје и здравјето на другите**

Мерка 1. Промовирање здрав живот и одвраќање на младите од никотин, алкохол и бихејвиорални зависности

Мерка2. Подигање на свеста за важноста од редовна имунизација, превентивни прегледи и корисење на здравствените превентивни програми

Мерка3. Подигање на свеста за важноста на младите да спортуваат, здраво да живеат и да стекнуваат здрави навики

Мерка 4. Воведување на систем на подршка на ранливите категории кон спортот, преку субвенционирање на активности, воведувањње на ваучерски систем и стипендирање на млади таленти

**Стратешка цел 2 – Подобрување на менталната состојба кај младите**

Мерка 1. Отварање Советувалиште за млади и бесплатна правна помош

Мерка 2. Подршка на програмите и проектите за превенција и справување со врсничкото насилство и сајбер врсничко насилство.

## 7.7 Чиста и здрава животна средина

Чистата и здрава животна средина е основен аспект на одржливиот развој и благосостојба. Се однесува на средина којашто е ослободена од загадување, отпад и

опасности и го промовира здравјето и благосостојбата на сите живи организми.

Во денешниот свет, каде што влијанието на човекот врз животната средина е позначајно од кога било претходно, потребата да се зачува и заштити нашата животна средина стана суштинска. Чистата и здрава животна средина е од клучно значење за младите, бидејќи директно влијае на нивното здравје, како и севкупниот квалитет на живот.

Здравата средина обезбедува младите да уживаат во активностите на отворено, да дишат чист воздух и да пристапат до чиста вода, што е од суштинско значење за нивниот физички и ментален развој.

За да се создаде чиста и здрава животна средина, од суштинско значење е да се подигне свеста кај младите за важноста на еколошката одржливост. Младите се идните чувари на животната средина и играат витална улога во обликувањето на иднината на светот.

Со едукација на младите за важноста на зачувувањето на животната средина, можеме да создадеме генерација на еколошки свесни поединци кои можат да помогнат во заштитата на нашата планета.

Со вклучување на младите во еколошките иницијативи, можеме да создадеме чувство на сопственост и одговорност, што може да доведе до позитивни еколошки исходи од корист и за сегашните и за идните генерации.

**Стратешка цел 1 – Младите ја почитуваат животната средина и се грижат за неа**

*Мерка 1.* Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на обновливите извори на енергија

*Мерка 2.* Зголемување на знаењето кај младите за рециклирањето, компостирањето и други методи важни за одржување на животната средина

*Мерка 3.* Подобрување и проширување на инфраструктура за селектирање и рециклирање отпад

*Мерка 4*. Спроведување едукативни кампањи како да се заменат разните видови на пестициди и инсектициди со еколошки препарати

**Стратешка цел 2 - Младите имаат високо развиена еколошка свест и има поддршка за реализиција на своите идеи**

Мерка 1. Подигање на свеста на младите преку кампањи за користење на велосипеди, тротинети, пешачење и планинарење

Мерка 2. Субвенционирање на уреди кои не загадуваат како инвертори, топлински системи и пупмпи

## 8. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Прв чекор кон воведување на квалитетен мониторинг е да по одобрувањето на Стратегијата да се продолжи кон креирање на акциски план за реализација со предлог

временска рамка. Токму тоа и ќе обезбеди квалитетен систем на мониторинг како процес на прибирање на податоци, врз основа на претходно поставени индикатори. Планот за следење и евалуација на спроведувањето на Стратегијата ќе биде подготвен од тело формирано од 5 членови (службеник за млади во Општината, 1 советник, 2 претставници од Младинското Собрание и 1 претставник од Локален младински совет).

# 9. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Закон за младинско учество и младински политики, Сл.весник бр.10, 16 јануари,2020 година
- Закон за средно образование' Сл.весник бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и Сл.весник бр. 229/2020
- Закон за практикантство, Сл.весник бр.98, 21 мај, 2019 година
- Закон за волонтерство,' Сл.весник бр. 85/07 и 161/08
- Закон за младински додаток, Сл.весник бр. 18, 27 јануари, 2020 година
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Сл.весник бр. 37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014; 56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016 и 119/2016)
- Закон за здруженија на граѓани и фондации, Сл.весник бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016
- Истражување на младинските трендови (2022), Агенција за млади и спорт, линк до документот https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/istrazhuvane-ams-2022.pdf
- Драфт Национална стратегија за млади 2023 - 2027, линк до документот https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/nsm-23-27_draft.pdf?fbclid=IwAR1IR_mkHA7E2HvUthIMHoMnPBNhytVVZBxQDEy3ksxGBIunQXEP5yOcpzM
- Национална стратегија за вработување 2021- 2027, септември 2021 година, линк до документот https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, линк до документот https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf
- Национална стратегија за унапредување на менталното здравје на Република

Северна Македонија, линк до документот http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/strategija-za-MZ-2018-2025-170718-pf-1.pdf

- Европската стратегија за млади 2019 – 2027 (EU Youth Strategy 2019 – 2027), 2018/C 456/01, линк до документот https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:C:2018:456:FULL&from=EN
- Цели за одржлив развој на Обединетите Нации, линк до документот https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs
- Европски младински цели (EU Youth Goals), линк до документот https://youth-goals.eu/wp-content/uploads/European-Youth-Goals_MKD.pdf
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022 - 2024, линк до документот http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf
- Програма за работа на Општина Струмица, линк до документот https://strumica.gov.mk/
- Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, линк до документот
- https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf